РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-303/7
10-06-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава подносителот -------------------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница, продолжение одржано на ден -08.06..2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 12-303 од 2021 година оформен по пријава број 12-303/1 од 20.01.2021година, доставена од подносителот ------ --------------„ **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-303 од 2021 година.

Предметот со број 12-303 од 2021 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-303 од 2021 година е оформен по пријава број 12-303/1 од 20.01.2021 година, која е доставена до ДКСК од страна на подносителот ------ --------------, а во која се изнесени наводи за сомнителни тендери на фирмата Друштво за производство и услуги --------- ----------- ДООЕЛ ----------- со седиште на --------------------, во кое управител и сопственик било лицето -------- ----------, кое воедно било и советник од редовите на СДСМ во Град ---------, а која земала тендери и склучила договори со Фондот за иновации и технолошки развој и Регулаторната комисија, во висина од над 10 милиони денари.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барања за податоци и информации до надлежни органи и институции, а воедно од страна на ДКСК извршени се интерни проверки по однос на предметните наводи. По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување и извршениот увид во целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба :

- Предметните наводи се однесуваат на наводи за сомнителни тендери на фирмата Друштво за производство и услуги --------- ----------- ДООЕЛ ---------- со седиште на --------------------, во кое

управител и сопственик било лицето -------- ----------„ кое воедно било и советник од редовите на СДСМ во Град --------, а која земала тендери и склучила договори со Фондот за иновации и технолошки развој и Регулаторната комисија, во висина од над 10 милиони денари.

Во доставената пријава, подносителот изјавува дека смета дека тендерите кои наведената фирма ги имала добиено, а кои биле јавно достапни на веб платформата за јавни набавки, во "Фонд за иновации" и "Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија", биле добиени како предмет на „меѓусебен партиски договор" помеѓу лицата кои управуваат со институциите и советникот, а дополнително и постапката не била јавно објавена на етички начин, како течел процесот на добивање на тендерот, што е неопходно секогаш кога се работи за фирми и институции каде што директорите имаат непосреден партиски контакт.

- Од извршените проверки на интернет портали, веб страници на институции и во својата интерна евиденција ДКСК дојде до следните сознанија:

* Предметниот случај бил објавен и во медиумите и тоа под наслов: „ВМРО-ДПМНЕ: „------- --------- " фаворизирана од ФИТР, истата фирма добивала тендери во 2018", кој е објавен од Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ по однос на реакцијата на Фондот за иновации и технолошки развој и под наслов „--------: Поднесуваме претставка до ДКСК за фирмата -------- -------- на советникот од СДСМ во Град Скопје ----------", во кој се известува дека за случајот ќе се поднесе претставка до Државната комисија за спречување корупција.

* Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР), на ден 26.09.2020 на својата веб страница има објавено демант на објавената вест под наслов „Целосно неточни и измислени се наводите дека ФИТР склучил договори во четири очи", во кој Фондот најостро ги демантира наводите на политичката партија ВМРО ДПМНЕ изнесени на одржаната прес конференција од ------------- -------------- (26.09.20) дека има склучено договори во четири очи за набавка на услуги - ангажирање на Агенција за организирање на настани и дека шпекулациите дека бил склучен ваков договор се целосно неточни и измислени.

*Регулаторната комисија за енергетика на РСМ е основана во 2002 година со Законот за изменување и дополнување на законот за енергетика Службен весник на РМ бр. 94/02, а со вистинска работа започнува на 23 јули 2003 година со донесувањето на Одлука од страна на Собранието на РМ за именување на претседател и членови на Регулаторната комисија. Во прилог на реформите во енергетскиот сектор, истата година донесен е и Законот за изменување и дополнување на законот за енергетика Службен весник на РМ бр.38/03 и 40/05 , со кој е зајакната положбата на Регулаторната комисија во енергетскиот сектор. На 10.02.2011 година – сл. весник бр. 16 - донесен е нов Закон за енергетика, со кој се уредува статусот и надлежноста на Регулаторната комисија. Инаку, оваа комисија е основана како независна во своето работење и во одлучување во рамките на надлежностите на овој Закон, статутот на истата го одобрува Собранието на РСМ , а составена од пет члена кои на предлог на Владата на РСМ ги именува и ги разрешува Собранието на РСМ.

*Со Законот за иновациска дејност, се уредува иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност, научноистражувачката дејност, техничките и технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, како и основањето, статусот, надлежностите, управувањето и раководењето, финансирањето, надзорот над работата, како и други прашања поврзани со работата на Фондот за иновации и технолошки развој - ФИТР. Овој Фонд има

својство на правно лице и е основан со цел за обезбедување на финансиски средства за поттикнување на иновациската дејност - врши работи поврзани со финансирање на подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика. Фондот има Статут, правилници и други општи акти согласно со закон. Со Статутот на Фондот се уредуваат организацијата и начинот на работата на Фондот, начинот на предложување на претставници вработени во органите на Фондот, надлежноста на Управниот одбор и Комитетот за одобрување на инвестиции, застапувањето и претставувањето на Фондот, правата, обврските и одговорностите на вработените во Фондот, начинот на организирање на работите и други прашања од значење за работењето на Фондот. Статутот го донесува Управниот одбор на Фондот по претходна согласност од Владата, а Правилниците ги донесува Управниот одбор на Фондот по претходна согласност од Владата.

Органи на Фондот се Управниот одбор, Комитетот за одобрување на инвестиции и директорот. Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата. Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции ги именува и разрешува Владата.

* Во изјавата за интереси која е доставена до ДКСК од страна на лицето ---------- ----------, во својство на член на Советот на Град ------------, на ден 01.12.2017 година, во делот III.1.2 Трговски друштва има наведено дека наведеното лице има статус на управител во трговското друштво --------- ------------- ДООЕЛ --------- , со 100% процент на личен капитал.

- На ден 05.02.2021 година, по барање на ДКСК, доставен е одговор од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, со кој се известува дека оваа комисија имала склучено само еден договор за јавна набавка со фирмата -------- ----------- ДООЕЛ --------, со број --------- од 22.10.2019 година на износ од 209.000,00, денари без ДДВ, односно 246.620,00 денари со ДДВ, а предмет на договорот за јавната набавка бил - Медиумска кампања за промоција на веб порталот --------- и закуп на рекламен простор на интернет партали, кој им овозможувал на домаќинствата и малите потрошувачи (мали и средни компании), да вршат споредба на цени на пазарот на мало со електрична енергија и да им помогне при нивниот избор на снабдувач со електрична енергија. Предметната постапка за јавна набавка била спроведена преку ЕСЈН со оглас број -----/2019, во поедноставена отворена постапка, проценетата вредност на набавката била 296.610, 17 без ДДВ, 350.000,00 денари со ДЦВ, а по однос на истата биле доставени две понуди и тоа на: Друштвото за медиумски активности ------- ------- ДООЕЛ -------- и Друштво за производство и услуги ----------- ----------- ДООЕЛ ----------. По спроведената Е - аукција, прво рангирано било Друштвото за производство и услуги ----------- ----------- ДООЕЛ ---------- со конечна цена од 209.000,00 денари без ДДВ, 246.620,00 денари со ДДВ и вкупно 84,37/100 бодови, со кое бил склучен и Договорот за оваа јавна набавка на ден 22.10.2019 година.

Во прилог на одговорот, оставена е и копија од документација за спроведената постапка за јавна набавка и тоа: Договор за јавна набавка број --------- со фирмата ----------- ----------- ДООЕЛ ----------, Записник од јавно отворање, Извештај од спроведена постапка и Извештај за тек на Е – аукција.

- По барање на ДКСК, на ден 17.02.2021 година, доставен е одговор од ФИТР на РСМ, со кој се известува дека Фондот, како државна институција, сите набавки за стоки и услуги, согласно утврдени потреби во насока на извршување на тековните обврски од делокругот на своето работење, ги извршувал согласно применливиот Закон за јавните набавки (ЗЈН), а договорите за јавни набавки се склучувале врз основа на донесениот годишен план за јавни набавки, одлуката за јавна набавка, објавен јавен оглас,

доставени понуди, извршена евалуација и донесена одлука за избор. Така било постапено и при јавните набавки каде понудувачот ----------- ----------- ДООЕЛ ----------., учествувал со поднесена уредна документација во соодветните постапки за јавните набавки на Фондот, а во согласност со ЗЈН и тендерските документации бил избран за најповолен понудувач во постапките за јавна набавка на услуги со оглас број: *-----/2018 за набавка на услуги - Ангажирање на агенција за организирање на настани и е склучен договор со дел. бр. ---------- од 14.05.2018 година на износ од 1.224.666 денари без ДДВ, односно 1.445.105,88 денари со ДДВ;

*-----/2018 за набавка на услуги - Ангажирање на агенција за организирање на настан и е склучен договор со дел. бр. --------- од 06.07.2018 година на износ од 1.187.710 денари без ДДВ, односно 1.401.497,80 денари со ДДВ;

*----/2018 за набавка на услуги - Ангажирање на агенција за организирање на настани и е склучен договор со дел. бр. ---------- од 24.12.2018 година на износ од 1.200.000 денари без ДДВ, односно 1.416.000 денари со ДДВ;

*-------/2019 за набавка на услуги - Агенција за организирање на настани и е склучена Рамковна Спогодба (заедно со уште еден носител на набавка) со дел бр. ------- од 25.09.2019 година на износ од 3.000.000 денари без ДДВ, односно 3.540.000 денари со ДДВ и Анекс бр. -------- од 11.02.2020 година на износ од 600.000 денари без ДДВ, односно 708.000 денари со ДДВ. Врз основа на оваа Рамковна Спогодба и Анексот (во вкупен износ од 3.600.000 денари без ДДВ), Фондот имал преземено обврски кон ----------- ------------ ДООЕЛ ----------. во вкупен износ од 2.567.896 денари без ДДВ.

*--------/2020 за набавка на услуги - Агенција за комуникациски услуги и е склучена Рамковна Спогодба (заедно со уште еден носител на набавка) со дел бр. ------- од 21.09.2020 година на износ од 10.000.000 денари без ДДВ, односно 11.800.000 денари со ДДВ. Врз основа на оваа рамковна спогодба се досега, Фондот имал преземено обврски кон ----------- ----------- ДООЕЛ ----------. во вкупен износ од 794,367 денари без ДДВ.

Во доставениот одговор се наведува дека, член 2 точка 36 од ЗЈН ја дава следната дефиниција за рамковна спогодба, „писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно, предвидените", како и дека согласно наведеното, Фонд за иновации и технолошки развој имал склучено три договори, две рамковни спогодби (каде што ----------- ----------- ДООЕЛ ---------- не бил единствениот носител на набавките) и два анекси кон едната рамковна спогодба во периодот од 2018 - 2020 година, единствено врз основа на спроведени постапки за јавни набавки, во согласност со важечкиот Закон за јавните набавки, притоа почитувајќи ги сите начела на кои се темели овој Закон - начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Во прилог на одговорот, доставена е и копија од документација (*табеларен преглед на склучени договори, договорите за јавна набавка, анекси и рамковна спогодба*).

-ДКСК при своето надлежно постапување по оформениот предмет, на колегиум одржан на ден 25.02.2021 година донесе заклучок, во врска со предметните наводи за лицето ------- ----------, кој бил советник во Град -------- а воедно бил и управител и сопственик на фирмата Друштво за производство и

услуги ----------- ----------- ДООЕЛ ----------, да се отвори предмет и во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање при ДКСК по однос на прашањата за судир на интереси и неспоивост на функции. По однос на заклучокот на ДКСК изготвена е службена белешка со архивски број 12-303/6 од 02.03. 2021 година, која е составен дел од документацијата за овој предмет, а по која во ДКСК е оформен предмет со архивски број 09-1007/1 од 02.03.2021 година.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со предметниот случај биле спроведени постапки за јавни набавки во периодот 2018 - 2019 година во кои биле склучени договори помеѓу наведеното трговско друштво и двете институции (Фондот за иновации и технолошки развој и Регулаторната комисија), кои постапки биле спроведени во согласност со Законот за јавни набавки и со објавување на јавен оглас а процесот за спроведувањето на истите се одвивал преку веб страната на Бирото за јавни набавки односно преку Електронскиот систем за јавни набавки каде биле објавени и одлуките за избор на најповолна понуда и склучените договори за јавните набавки, што значи дека не се потврдуваат предметните пријавени наводи. Воедно, по заклучок на ДКСК, за пријавеното лице отворен е предмет и во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање при ДКСК по однос на прашањата за судир на интереси и неспоивост на функциите по кој постапувањето на ДКСК е во тек. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и истиот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р Ш.С. Член на ДКСК